| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | д-р Нина Ангеловска, министер за финансии<br><br>и<br><br>д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии<br><br>и<br><br>Сузана Стојмироска, раководител на сектор во Министерството за финансии |

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход,
по скратена постапка

Скопје, ноември 2019 година

**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.45-9267/1
Скопје, 19 ноември 2019 година

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

Врз основа на член 91, алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 19 ноември 2019 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија“ бр.241/18), почнувајќи од 1 јануари 2019 година се воведе прогресивно оданочување на доходот на граѓаните.

Целта на законот беше да овозможи поправеден систем на оданочување на доходот и намалување на социјалната нееднаквост.

Според резултатите од извршените анализи на ефектите од прогресивното оданочување, прогресивниот данок на доход незначително ја подобрил распределбата на доходот, додека предизвикал негативни промени во однесувањето на даночните обврзници, во смисла на изнаоѓање на начини за одбегнување на плаќање на данокот. Имено дел од нив одлучиле својот доход да го префрлат во други даночни системи каде се применува пониска даночна стапка или на други лица со цел да не го надминат прагот за примена на повисоката даночна стапка и да платат повисок данок.

За да се обезбеди понатамошно намалување на нееднаквоста преку прогресивниот данок, потребно е претходно да се изгради оптимален систем на ефикасно и ефективно прогресивно оданочување, да се намали даночната евазија, да се зајакнат механизмите за елиминирање на сивата економија и да се зајакне довербата на граѓаните во институциите.

Оттаму за да се исполнат наведените предуслови, се предлага прогресивниот данок на доход да се стави во мирување во следните три години, така што од 1 јануари 2020 до крајот на 2022 година доходот на граѓаните ќе се оданочува со единствена стапка од 10%, а во меѓувреме ќе се работи на креирање на соодветен систем на прогресивно оданочување, земајќи ги предвид мислењата на засегнатите страни, зголемување на даночниот морал, зајакнување на довербата во институциите и намалување на сивата економија.

Постојниот закон предвидува оданочувањето на капиталните добивки од продажба на хартии од вредност како и оданочувањето на доходот од камати на депозити да отпочне од 1 јануари 2020 година.

Во насока на унапредување и развој на пазарот на хартии од вредност, оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност се предлага да се одложи за три години. Во тој период сите инволвирани страни - Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар на хартии од вредност, потребно е да се ангажираат во градењето на електронски поврзан систем со кој плаќањето нема да биде оставен на товар и волја на граѓаните.

Поради потребата од нормативно подобрување на одредбите поврзани со оданочувањето на доходот од камати од депозити и на начинот на плаќање на аконтацијата на данокот, за три години ќе се одложи и оданочувањето на овој вид на доход.

Со одложувањето на примената на двете решенија ќе се изедначи третманот на заштедите со долгорочното инвестирањето на граѓаните пазарот на капитал.

Според досегашниот даночен третман, оданочени со данокот на личен доход беа и трошоците за сместување и превоз за лица кои се ангажирани за работа кај исплатувачот. Во насока на усогласување со даночните пракси во светот како и заради создавање на позитивен амбиент за работниците, овие трошоци се предлага да бидат ослободени од данокот на личен доход до одредени лимити. Исто така се предлага да се допрецизираат ослободувањата од данокот на личен доход за надоместоци на трошоци за хотелско сместување (со категорија до четири ѕвездички), превоз и надоместоци за трошоците за виза за лица кои учествуваат во образовни и научни активности.

Од наведените причини произлегува потребата од донесување на измени и дополнувања на Законот за данок на личен доход.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените измени и дополнувања на Законот за данокот на личен доход е да се регулира мирувањето на примената на прогресивниот данок на личен доход за доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права и доходот од продажба на сопствени земјоделски производи за период од 36 месеци. Во мирување ќе биде ставена и примената на стапката од 15% на доходот од права на индустриска сопственост, закуп и подзакуп, капитал, осигурување и друг доход, односно истите во следните три години ќе се оданочуваат со 10%. Во овој период стапката од 15% ќе остане да се применува само при оданочувањето на доходот од игри на среќа. Исто така, со предложеното законско решение ќе се одложи почетокот на оданочувањето на капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели во инвестициски фондови, како и каматите од орочени депозити, до 1 јануари 2023 година.

Предлог законот ги содржи следниве решенија:

- мирување на примената на прогресивнивните стапки на оданочување на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права и доходот од продажба на сопствени земјоделски производи во периодот од 1 јануари 2020 до 31 декември 2022 година;

- мирување на примената на стапката од 15% за оданочување на доходот од права на индустриска сопственост, закуп и подзакуп, капитал, осигурување и друг доход;

- измена на одредбите поврзани со капиталните добивки ( вклучување на продажбата на уделите во инвестициски фондови во опфатот на доходот од капитални добивки; пропишување на различни стапки за оданочување на капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели во инвестициски фондови во зависност од периодот на нивно поседување од страна на имателот (15% доколку имателот ги поседувал до една година, 10% доколку ги поседувал за период од една до 10 години), ослободување од плаќање на данок на остварената капитална добивка од продажба на хартии од вредност и удели во инвестициски фондови кои имателот ги поседувал за период подолг од 10 години, како и за капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност стекнати од иницијална јавна понуда; промена на начинот на оданочување на данокот на доход од капитална добивка, односно нивно оданочување по одбивка наместо самооданочување од страна на обврзникот),

- одложување на оданочувањето на капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели во инвестициски фондови (од 1 јануари 2020 година на 1 јануари 2023 година);

- измена на предметот на оданочување на доходот од капитал по основ на камати (пропишување на ослободување на каматите од депозити по видување и на трансакциски сметки, а оданочување на каматите од орочени депозити)

-одложување на оданочувањето на каматите од орочени депозити (од 1 јануари 2020 година на 1 јануари 2023 година);

- доуредување на одредбите од членот 12 од Законот во делот на надоместоците на кои не се плаќа данок на доход;

- усогласување на прекршочните одредби со новиот Закон за прекршоци.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Земајќи ги во предвид растот на минималната плата, растот на просечната плата, растот на БДП, намалување на даночна евазија, како и зголемувањето на вработеноста во Република Северна Македонија, со овој Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход се очекува да продолжи растот на приходите по основ на данок на личен доход во Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 91/08 и 119/10), овој закон се предлага да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД

Член 1

Во Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија“ 241/18), во членот 11 ставот (2) зборовите: „добивките од игри на среќа,” се бришат.

По ставот (2) се додаваат три нови става, (3), (4) и (5) кои гласат:

„(3) За доходот од добивките од игри на среќа, данокот се плаќа по единствена стапка од 15%.

(4) По исклучок на ставот (2) од овој член за доходот од капитални добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, данокот се плаќа по стапка од 15% доколку имателот ги поседувал до една година, односно по стапка 10% доколку ги поседувал за период од една до 10 години.

(5) По исклучок на ставот (2) од овој член за доходот од капитал остварен по основ на камати на орочени депозити, данокот се плаќа по единствена стапка од 10%.”

Член 2

Во членот 12 точката 23) се менува и гласи:

„еднократен надоместок - испратнина заради трајно работно ангажирање на работниците при откажување на договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) утврден со закон;“.

Точката 37) се менува и гласи:

„камати на депозити по видување и трансакциски сметки;“.

По точката 39) се додава нова точка 39-а) која гласи :

„39-а) капитални добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд доколку имателот ги поседувал за период подолг од 10 години;“

По точката 42) се додава нова точка 42-а) која гласи:

„42-а) надоместоци на трошоци за хотелско сместување (со категорија до четири ѕвездички) во износ најмногу до 6.000 денари дневно и надоместоци на трошоци за превоз на лица кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот (во земјата и во странство), врз основа на документирани докази за направените трошоци, извештај за ангажманот и документи за основаноста на ангажманот (покана, агенда, програма, договор, работен налог и сл) и со потврден временски редослед меѓу сместувањето, превозот и извршената работа; “.

Точката 44) се менува и гласи:

„надоместоци на трошоци за хотелско сместување (со категорија до четири ѕвездички), превоз и надоместоци за трошоците за виза, за лица кои учествуваат во образовни и научни активности или настани на научни и образовни институции во земјата и во странство, утврдени врз основа на документи за направените трошоци. “.

Член 3

Во членот 55 точката 3) се менува и гласи:

„орочени депозити“.

Член 4

Во членот 57, во ставот (2) зборовите: „точки 2) и 4)“ се заменуваат со зборовите: „точки 2), 3) и 4)“.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 5

Во членот 58 во ставот (1) по зборот: „вредност,“ се додаваат зборовите: „удели издадени од инвестициски фонд,“.

Член 6

Во членот 60 во ставот (1) и во ставот (2) по зборот: „вредност,“ се додаваат зборовите: „удели издадени од инвестициски фонд,“.

Член 7

Во членот 61 во ставот (1) зборовите: „хартии од вредност“ и запирката се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) За целите на утврдување на капиталната добивка, како продажна цена на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, се смета договорената цена.“

Ставот (2) станува став (3).

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

„За целите на утврдување на капиталната добивка, како куповна (набавна) цена на недвижен имот, хартии од вредност, удели издадени од инвестициски фонд, учество во капиталот, друг подвижен имот и нематеријален имот, се смета цената по која обврзникот го стекнал недвижниот имот, хартиите од вредност, уделите издадени од инвестициски фонд, учеството во капиталот и другиот подвижен и нематеријален имот.

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Член 8

По членот 63 се додава нов член 63-а кој гласи:

„Член 63-а

Данок на доход не се плаќа за капитална добивка остварена од продажба на хартии од вредност, кои се стекнати со емисија на хартии од вредност реализирана како иницијална јавна понуда.”

Член 9

Во членот 80 во точката 6) зборовите: „ ,освен доходот од камати од депозити“ се бришат.

По точката 6) се додава нова точка 6-а) која гласи:

„6-а) капитални добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд,“.

Член 10

Во членот 84 ставот (2) се менува и гласи:

„Аконтацијата на данокот на доход од закуп и подзакуп (ако исплатувачот на доходот води деловни книги), на доходот од права од индустриска сопственост, на доходот од капитал, на добивки од игри на среќа, на капитални добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, на доходот од осигурување и друг доход се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на стапките пропишани во членот 11 од овој закон, а пресметаниот и платениот данок по одбивка се смета за конечно намирена даночна обврска “.

Член 11

Во членот 85 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, исплатувачите на капиталните добивки од хартии од вредност и на уделите во инвестициски фонд се должни до органот за јавни приходи да достават пресметка за бруто-доходот, одбитоците и пресметаниот данок по одбивка за секој обврзник поединечно, кој остварил капитални добивки од хартии од вредност и удели во инвестициски фонд најдоцна наредниот ден по денот на исплатата на доходот. “.

Ставот (3) станува став (4).

Постојниот став (4) се брише.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Пресметката од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма. “.

Во ставот (7) по зборовите „ставот (2) “ се додаваат зборовите: „и ставот (3) “.

Во ставот (9) зборовите: „ ставот (3) и “ се бришат.

Член 12

Во членот 87 став (1) точката 2) се менува и гласи:

„капитални добивки, освен капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд“.

Член 13

Во членот 88 став (1) во точка 3) алинејата 1 се брише.

Член 14

Во членот 93 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„капиталните добивки, освен капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд“.

Член 15

Членот 105 се менува и гласи:

„ Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност, за сторен прекршок на даночен обврзник - трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, ќе му се изрече ако деловните книги, другата евиденција и документација не ги чува во деловната просторија или во просториите на регистриран субјект што врши сметководствени работи (член 34).”

Член 16

Членот 106 се менува и гласи:

„ Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност за сторен прекршок, на даночен обврзник - трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, ќе му се изрече ако деловните книги ги води неажурно (членови 30 став (1), 31 и 32). ”

Член 17

Членот 107 се менува и гласи:

„ (1) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност за сторен прекршок на даночен обврзник – трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, ќе му се изрече ако:

1) не поднесе пресметка и даночен биланс во пропишаниот рок (членови 88 и 97);

2) не ги води или неточно ги води деловните книги (членови 30 став (1), 31 и 32); и

3) деловните книги, другата евиденција и документација не ги чува најмалку пет години (член 36).

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член на даночен обврзник – трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност може да им се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од најмалку 3 до најмногу 30 дена. Ако прекршоците од став (1) на овој член се сторени за прв пат, забрана на вршење на професија, дејност или должност доколку се изрече, ќе се изрече само како самостојна санкција без глоба, а при повторно сторување на прекршоците од став (1) на овој член, забраната на вршење на професија, дејност или должност доколку се изрече, ќе се изрече заедно со глоба.

(3) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице, доколку не поднесе пресметка (член 88). ”

Член 18

Членот 108 се менува и гласи:

„ (1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на доход (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на доход ( мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на доход (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на доход (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако:

1) не го пресмета данокот и не го уплати на соодветната сметка (членови 84 и 92); и

2) не ги исполнува обврските од членот 85 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице ( мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршоците од став (1) на овој член. ”

Член 19

Членот 109 се менува и гласи:

„ (1)Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на трговец кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на трговец кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало ( мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на трговец кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на трговец кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако на органот за јавни приходи не му доставува извештај за корисниците на продажните места на зелените пазари.

(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во трговецот од став (1) на овој член (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во трговецот од став (1) на овој член( мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во трговецот од став (1) на овој член (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во трговецот од став (1) на овој член (голем трговец) ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член. ”

Член 20

Членот 110 се менува и гласи:

„Одмерувањето на висината на глобата за правно лице,обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, трговец поединец, физичко лице и одговорно лице во правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.”

Член 21

Во членот 111 ставот (2) се брише.

Член 22

По членот 111 се додава нов член 111 - а кој гласи:

“ Член 111 - а

(1) За прекршоците од членовите 105, 106, 107, 108 и 109 од овој закон за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противредност за физичко лице, трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, 500 евра во денарска противредност за одговорно лице во правно лице и 1.000 евра во

денарска противредност за правни лица, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува прекршочниот орган утврден согласно Законот за даночна постапка.

(2) За прекршокот од член 111 од овој закон и за прекршоците од овој закон за кои глобата за лицата од ставот (1) на овој член е утврдена над износите од ставот (1) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочни санкции ќе изрекува надлежен суд."

Член 23

Членот 116 се менува и гласи:

Одредбите од членовите 55, 56, 57 84 и 92 од овој закон кои се однесуваат на оданочувањето на каматите од орочени депозити, како и одредбите од членовите 58, 59, 60, 61, 62, 84 и 92 од овој закон кои се однесуваат на оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, ќе се применуваат од 1 јануари 2023 година.

Член 24

(1) Одредбите од членовите од 11, 84 и 87 од овој закон кои се однесуваат на стапките по кои се пресметува и плаќа данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, доходот од осигурување и друг доход нема да се применуваат од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2022 година.

(2) До денот на отпочнувањето на примената на одредбите од став (1) на овој член пресметката и плаќањето на данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, доходот од осигурување и друг доход за 2020, 2021 и 2022 година ќе се врши по стапка од 10%.

Член 25

Одредбите од членот 2 од овој закон со кои се менува и дополнува членот 12, ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2020 година.

Член 26

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход се предлага, во следните три години да се стави во мирување примената на прогресивните стапки (10% и 18%) на оданочување на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права и доходот од продажба на сопствени земјоделски производи. Исто така се предлага во мирување да биде ставена и стапката од 15% која се применуваше при оданочувањето на доходот од права на индустриска сопственост, закуп и подзакуп, капитал, осигурување и друг доход.

Според тоа, во следните 36 месеци, спомeнатите видови на доход ќе бидат оданочувани само со стапка од 10%, додека за доходот од игри на среќа ќе остане да се применува стапката од 15%.

Предлог законот содржи и измени на законските одредби со цел усогласување со новиот Закон за прекршоци како и одложување на оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и на каматите од орочени депозити до 1 јануари 2023 година.

Конкретно, со членот 1 од Предлог - законот се врши дополнување на членот 11 од постојниот закон кој ги уредува стапките по кои се плаќа данокот на доход. Имено се пропишува дека за доходот од капитални добивки остварени од продажба на хартии од вредност или удели издадени од инвестициски фонд, данокот ќе се плаќа по стапка од: 15% доколку имателот ги поседувал до една година, а 10% доколку ги поседувал за период од една до 10 години. За доходот од капитал остварен по основ на камати од орочени депозити, данокот ќе се плаќа по единствена стапка од 10%. Имајќи ги предвид сите законски измени содржани во овој Предлог на закон, произлегува дека стапките наведени во членот 11 од Законот ќе се применуваат од 1 јануари 2023 година.

Со членот 2 се врши допрецизирање на точката 23) од членот 12 од Законот која се однесува на ослободувањето од оданочување на испратнините, а се менува точката 37), така што се пропишува дека данок на доход нема да се плаќа на каматите на депозити по видување и трансакциски сметки. Исто така, се врши и дополнување на членот 12 со две нови точка 39-а) и 42-а). Согласно точката 39-а) нема да се плаќа данок на остварените капитални добивки од продажба на хартии од вредност или удели издадени од инвестициски фонд, доколку имателот ги поседувал за период подолг од 10 години. Согласно точката 42-а) од оданочување ќе бидат ослободени надоместоците на трошоците за хотелско сместување (со категорија до четири ѕвездички) во износ најмногу до 6.000 денари дневно и надоместоците на трошоците за превоз на лица кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот, врз основа на документирани докази за направените трошоци, извештај за ангажманот и документи за основаноста на ангажманот (покана, агенда, програма, договор, работен налог и сл) и со потврден временски редослед меѓу сместувањето, превозот и извршената работа. Дополнително се проширува опфатот на ослободувањето од точката 44), така што покрај надоместоците за превоз се предвидува да ги вклучува и надоместоците на трошоците за хотелско сместување (со категорија до четири ѕвездички) како и трошоците за виза за лица кои учествуваат во образовни и научни активности или настани на научни и образовни институции во земјата и во странство, утврдени врз основа на документи за направените трошоци.

Со членот 3 се прецизира дека под доход од капитал се подразбираат и каматите од орочени депозити.

Со членот 4  се предлага бришење на ставот 3 од членот 57 од постојниот закон, со што произлегува дека основа на данокот на доход за камати од орочени депозити ќе претставува износот на пресметаната камата.

Со цел прецизирање на опфатот на капиталните добивки, со членот 5 од Предлогот - законот се предлага дополнување на членот 58 од постојниот закон со вклучување на уделите издадени од инвестициски фондови во дефиницијата на капиталните добивки.

Како резултат на предложеното прецизирање на членот 58 од постојниот закон, потребно е да се интервенира и во основата на данокот на доход од капиталните добивки. Така со членот 6 од Предлог законот се предлага во членот 60 да се вклучат уделите издадени од инвестициски фондови.

Со членот 7 се врши интервенција во членот 61 од Законот соодветно на двете погоре споменати одредби.

Преку членот 8 од Предлог законот се пропишува дека нема да се плаќа данок на остварената капитална добивка од продажба на хартии од вредност, кои се стекнати со емисија на хартии од вредност реализирана како иницијална јавна понуда. Преку ваквиот вид на ослободување се очекува да се поттикнат компаниите за првично отворање кон јавноста преку издавање на акции по пат на иницијална јавна понуда.

Со членот 9 се врши прецизирање на видовите на доход за кои аконтацијата се плаќа по одбивка. За разлика од постојното законско решение, со предложеното законско решение, капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд како и доходот од капитал, вклучително и доходот од камати од орочени депозити, ќе се оданочуваат по одбивка, односно наместо обврзникот самиот да доставува пресметка за плаќање на данокот за остварениот доход, тоа во негово име ќе го врши исплатувачот на доходот. Се очекува во следните три години сите инволвирани страни - Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар на хартии од вредност, да се ангажираат во градењето на електронски поврзан систем со кој плаќањето на данокот нема да биде оставено на товар и волја на граѓаните.

Поради погоре споменатите законски измени поврзани со вклучувањето на уделите издадени од инвестициски фонд, со членот 10 од Предлог законот се врши дополнување на членот 84 од законот кој го уредува пресметувањето на аконтацијата на данокот на доход.

Со членот 11 се врши дополнување на членот 85 од Законот со нов став со кој се предлага исплатувачите на капиталните добивки од хартии од вредност и на уделите во инвестициски фонд, до органот за јавни приходи да достават пресметка за бруто-доходот, одбитоците и пресметаниот данок по одбивка за секој обврзник поединечно, кој остварил капитални добивки од хартии од вредност и удели во инвестициски фонд најдоцна наредниот ден по денот на исплатата на доходот.

Со членот 12 се предлага прецизирање на одредбите кои ги уредуваат видовите на доход за кои аконтацијата на данокот ја преметува даночниот обврзник.

Членот 13 предвидува бришење на алинејата од ставот 3 од членот 88 од Законот, со оглед на тоа дека аконтацијата на данокот на капиталните добивки од продажба на хартии од вредност повеќе нема да ја пресметува самиот обврзник, туку исплатувачот.

Со членот 14 се прецизира одредбата на алинејата 2 од ставот 1 на членот 93 од Законот, во насока дека плаќањето на аконтацијата на данокот од страна на обврзникот не ги опфаќа капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, бидејќи за истите, согласно предложеното решение  аконтацијата ќе се плаќа по одбивка.

Со členovite од 15 до 22 од Предлог - законот се врши усогласување на прекршочните одредби со Законот на прекршоците од аспект на утврдување на

рамка на износ на висината на глобите кои се изрекуваат на физички, правни лица и одговорни лица во правните лица за прекршоците утврдени со овој закон.

Со Членот 23 се пропишува дека одредбите од членовите 55, 56, 57, 84 и 92 од законот кои се однесуваат на оданочувањето на каматите од орочени депозити, како и одредбите од членовите 58, 59, 60, 61, 62, 84 и 92 од законот кои се однесуваат на оданочувањето на капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд, ќе се применуваат од 1 јануари 2023 година. Со оваа одредба оданочувањето на споменатите видови на доход кое требаше да отпочне на 1 јануари 2020 година се одложува за три години.

Членот 24 претставува преодна одредба со која се пропишува дека одредбите од членовите од 11, 84 и 87 од Законот за данокот на личен доход кои се однесуваат на стапките по кои се пресметува и плаќа данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, доходот од осигурување и друг доход нема да се применуваат од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2022 година. Со оваа одредба во следните три години се става во мирување примената на прогресивните стапки од 10% и 18% и стапката од 15%. Исто така се уредува дека пресметката и плаќањето на данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, доходот од осигурување и друг доход за 2020, 2021 и 2022 година ќе се врши по стапка од 10%. Според тоа за доходот од игри на среќа останува да се применува стапката од 15%.

Членот 25 го уредува отпочнувањето на примената на одредбите од членот 2 од овој закон.
Членот 26 го уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредбите се меѓусебно поврзани. Како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Како резултат на примената на предложените законски измени и дополнувања, примената на прогресивниот данок на личен доход за доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права и доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, ќе биде ставена во мирување во следните три години. Исто така во мирување ќе биде ставена и примената на стапката од 15% на доходот од права на индустриска сопственост, закуп и подзакуп, капитал, осигурување и друг доход, односно истите во следните три години ќе се оданочуваат со стапка од 10%. Стапката од 15% ќе остане да се применува само за оданочувањето на доходот од игри на среќа. Преку одложување на оданочувањето на капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели во инвестициски фондови, како и каматите од орочени депозити, до 1 јануари 2023 година, предложеното законско решение се очекува да придонесе за натамошно раздвижување на пазарот на хартии од вредност и продолжување на позитивниот тренд на штедење на граѓаните.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

Член 11

(1) За доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права и доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, данокот на доход се плаќа по прогресивни стапки и тоа:

| на годишна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| До 1.080.000 денари | 10% |
| од 1.080.001 денар | 108.000 + 18% на делот од доходот над 1.080.000 денари |

(2) За доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, добивките од игри на среќа, доходот од осигурување и друг доход, данокот се плаќа по единствена стапка од 15%.

Член 12

(1) Данок на доход не се плаќа на:

1) помош за социјална заштита;

2) субвенции доделени од државен орган за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на физички лица кои остваруваат доход од продажба на сопствени земјоделски производи од членот 43 и 47 на овој закон;

3) надоместок по основа на здравствено осигурување, освен надоместок на плата;

4) паричен надоместок за време на невработеност, утврден со закон;

5) детски додаток;

6) други социјални додатоци за деца, утврдени со закон;

7) цивилна инвалиднина, материјални права од боречка инвалидска заштита, како и плата на инвалидно лице согласно со закон;

8) надоместок за телесно оштетување;

9) надоместок во случај на смрт на вработеното лице, член на семејството на вработеното лице и член на семејството на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност до пропишаниот износ;

10) помош за претрпени штети од елементарни непогоди, до најнискиот износ утврден со општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

11) помош за претрпени штети настанати од елементарни непогоди или други вонредни настани исплатени од Буџетот на Република Македонија и буџетите на Градот Скопје и единиците на локалната самоуправа;

12) стипендии на ученици и студенти што ги доделуваат органите на државната управа во согласност со закон и стипендии што ги доделуваат фондации врз основа на веродостојна документација, вклучувајќи ги трошоците за школарина/партиципација, превоз, сместување и исхрана;

13) награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, доделени од Министерство за образование и наука, основни, средни и високообразовни установи;

14) надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина најмногу до 8 000 денари месечно;

15) надоместок на лицата волонтери согласно со Законот за волонтерство;

16) примени донации во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности;

17) надоместок на трошоците за користење сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од 30% од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар, а најмногу до 3.500 денари месечно;

18) надоместок на трошоците за службени патувања, за теренски додаток (сместување, исхрана) или одвоен живот од семејството на вработени лица и на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност во висина на најнискиот износ утврден со општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството во Република Македонија, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

19) организиран превоз до и од работа, како и исхрана за време на работа утврдени со закон, општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

20) надоместок за учество на лице во органите за спроведување избори и други форми на непосредно изјаснување на граѓаните, како и надоместок на лице за работа во врска со пописот на населението;

21) алиментации и надоместок на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа;

22) отпремнина што се дава при заминување во пензија во висина од две просечни месечни нето-плати по работник исплатени во Република Македонија во последните три месеци;

23) еднократен надоместок во вид на испратнина, заради трајно работно ангажирање на работниците, под услови и начин утврдени со закон;

24) надоместок на трошоци за службени патувања (трошоци за превоз, сместување и исхрана) при патување на државните репрезентации и спортските клубови на официјални првенства и други меѓународни натпревари;

25) награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари;

26) стипендии за спортисти што ги доделуваат органите на државната управа согласно закон;

27) награди што ги доделува Организацијата на обединетите нации и меѓународните организации;

28) награди за животни достигнувања во науката, културата и спортот;

29) парични надоместоци доделени на национален уметник согласно со Законот за националниот уметник на Република Македонија;

30) паричен надоместок доделен на уметник и стручен соработник од областа на заштитата на културното наследство, кој остварил право на пензија и кој е добитник на една од наградите за областа на културата и уметноста, согласно со Законот за културата;

31) финансиска помош на физички лица - резиденти на Република Македонија која се користи за лекување во земјата или во странство, согласно лекарска документација и документација за трошоците за лекување (фактура, односно профактура) издадена од страна на здравствената установа која го извршила

или ќе го изврши лекувањето, како и документирани трошоци за превоз и сместување неопходни за лекување на лицето;

32) исплатени донирани финансиски средства преку отворени специјални телефонски броеви за донации кои се користат за хуманитарни цели;

33) надоместок на штета по основ на животно и неживотно осигурување;

34) уплатени премии за колективно осигурување за вработените лица кои ги плаќа работодавачот за повреди на работа и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност;

35) уплатена премија за животно осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати во Република Македонија, објавени во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика;

36) уплатен придонес во доброволен пензиски фонд за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати во Република Македонија, објавени во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика;

37) камати на депозити во износ до 15.000 денари на годишно ниво;

38) камати по јавни заеми;

39) камати по обврзници издадени од Република Македонија и единиците на локалната самоуправа;

40) надоместоци на трошоци за хотелско сместување, храна и превоз за лица кои не се вработени кај филмскиот продуцент, кои учествуваат при производство на филм наменет за јавно прикажување, во висина на стварните трошоци, утврдени врз основа на документ за направените трошоци;

41) надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници на настани со времетраење не повеќе од 5 дена , организирани во рамки на активностите на организацијата основана согласно со Законот за здруженија и фондации, утврдени врз основа на документи за направените трошоци;

42) надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за членови на синдикатот за активности во рамки на синдикатот, како и примања на членови на синдикатот од средствата на синдикатот согласно Статут, програма и одлуки на органите на синдикатот, врз основа на документи за направените трошоци, освен исплатени надоместоци на членови на синдикатот по основ на повремено или привремено вршење услуги; и

43) доход од продажба на собрани лековити билки и шумски плодови, остварен од физичко лице; и

44) надоместоци на патните трошоци за лица кои учествуваат во образовни активности и настани на образовни институции и организации реализирани во странство, утврдени врз основа на документи за направените трошоци.

Член 55

Под доход од капитал се подразбираат:

1) дивиденди и друг доход остварен со учество во добивката кај правните лица;

2) камати од заеми дадени на физички и правни лица;

3) камати од депозити;

4) камати од хартии од вредност и

5) друг доход од хартии од вредност или финансиски инструменти.

Член 57

(1) Основа на данокот на доход од член 55 точка 1) на овој закон претставува износот на бруто-дивидендите, односно доходот од учество во добивката, распределени на обврзникот.

(2) Основа на данокот на доход од член 55 точки 2) и 4) на овој закон претставува износот на пресметаната камата.

(3) Основа на данокот на доход од член 55 точка 3) на овој закон претставува износот на пресметаната камата кој надминува 15.000 денари на годишно ниво во противвредност на валутата на депозитот.

(4) Основа на данокот на доход од член 55 точка 5) на овој закон претставува износот на бруто-доходот.

Член 58

(1) Под капитална добивка се подразбира разликата помеѓу продажната и набавната цена при продажба или размена на недвижен имот, хартии од вредност, учество во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот.

(2) Под нематеријален имот од ставот (1) на овој член се подразбира имотот без физичка содржина, кој може да се идентификува.

(3) Ако разликата од став (1) на овој член е негативна, се остварува капитална загуба.

Член 60

(1) Основа на данокот на доход од капитални добивки претставува разликата помеѓу продажната цена на недвижен имот, хартии од вредност, учество во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот и нивната куповна (набавна) цена.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, за капиталната добивка остварена од продажба на хартии од вредност, учество на капиталот, друг подвижен имот и недвижен имот во кој обврзникот живее најмалку една година пред продажбата, се признаваат нормирани трошоци од 10%.

(3) На обврзникот кој остварува капитална добивка од продажба на недвижен имот, на негово барање, наместо нормираните трошоци му се признаваат стварните трошоци за инвестициски вложувања, доколку документирано ги докаже.

Член 61

(1) За целите на утврдување на капиталната добивка, како продажна цена на хартии од вредност, учеството во капиталот, друг подвижен имот и нематеријален имот се смета договорената цена, односно цената која органот за јавни приходи ќе ја утврди ако оцени дека договорената цена е пониска од пазарната.

(2) Како продажна цена при продажба на недвижен имот се смета договорената цена, а доколку органот за јавни приходи оцени дека договорената цена е пониска од пазарната, како продажна цена се смета пазарната вредност на недвижниот имот, утврдена од страна на единицата на локалната самоуправа и Градот Скопје според Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот, без данокот на промет на недвижности.

(3) За целите на утврдување на капиталната добивка, како куповна (набавна) цена на недвижен имот, хартии од вредност, учество во капиталот, друг подвижен имот и нематеријален имот, се смета цената по која обврзникот го стекнал недвижниот имот, хартиите од вредност, учеството во капиталот и другиот подвижен и нематеријален имот.

(4) При продажба на недвижен имот кој обврзникот сам го изградил, за набавна цена се смета цената на чинење на недвижноста која обврзникот документирано ќе ја докаже, врз основа на трошоците направени за изградбата на недвижноста. Доколку истата не може да се докаже, за набавна цена ќе се смета цената на чинење (градежна цена) на ист или сличен недвижен имот во периодот на изградбата на подрачјето на кое се наоѓа недвижниот имот, а доколку во тоа подрачје нема таков недвижен имот во тој случај за набавна цена ќе се смета цената на чинење (градежна цена) на ист или сличен недвижен имот во периодот на изградбата, која ќе се утврдува како просечна цена за територијата на Република Македонија.

(5) Како куповна (набавна) цена на хартиите од вредност кои се продадени или купени на берзата се смета цената која обврзникот ја документира како стварно платена, или ако тоа не го стори, најниската објавена цена на берзата по која е извршена купопродажба во период од една година, која претходи на продажбата на хартијата од вредност.

(6) Кај хартиите од вредност кои не котираат на берзата, како набавна цена се смета цената која обврзникот ја документира како стварно платена, или ако тоа не го стори, нејзината номинална вредност.

Член 63

Данок на доход не се плаќа за капитална добивка остварена од продажба на недвижен имот, доколку:

- обврзникот, кој живее најмалку една година во недвижниот имот пред продажбата, го продава по истекот на три години од денот на стекнувањето;

- обврзникот го продава недвижниот имот по истекот на пет години од денот на стекнувањето;

- обврзникот го продава недвижниот имот стекнат по основ на наследување или подарок кој е ослободен од плаќање данок согласно одредбите од Законот за даноците на имот;

- обврзникот го продава недвижниот имот стекнат по пат на денационализација и

- доходот е остварен од продажба извршена помеѓу брачните другари, како и од страна на брачните другари, извршена на трето лице во случај кога продадениот недвижен имот е во непосредна поврзаност со развод на бракот.

Член 80

(1) Аконтацијата на данокот на доход се плаќа по одбивка, односно исплатувачот на доходот го пресметува, задржува и плаќа данокот на доход за обврзникот при секоја исплата на следните видови доход:

1) доход од работа;

2) доход од авторски и сродни права;

3) доход од продажба на сопствени земјоделски производи, ако исплатувачот на доходот води деловни книги;

4) доход од закуп и подзакуп, ако исплатувачот на доходот води деловни книги;

5) доход од права од индустриска сопственост;

6) доход од капитал, освен доходот од камати од депозити;

7) добивки од игри на среќа;

8) доход од осигурување и

9) друг доход, ако исплатувачот на доходот води деловни книги.

Член 84

(1) Аконтацијa на данокот на доходот од член 80 на овој закон пресметува исплатувачот за секој обврзник и за секој поединечно исплатен доход.

(2) Аконтацијата на данокот на доход од закуп и подзакуп (ако исплатувачот на доходот води деловни книги), на доходот од права од индустриска сопственост, на доходот од капитал, на добивки од игри на среќа, на доходот од осигурување и друг доход се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на единствена стапка од 15%, а пресметаниот и платениот данок по одбивка се смета за конечно намирена даночна обврска.

(3) Аконтацијата на данокот од доход од работа, на доходот од авторски и сродни права и на доходот од продажба на сопствени земјоделски производи (ако исплатувачот на доходот води деловни книги) се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на следните стапки:

| на месечна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| до 90.000 денари | 10% |
| од 90.001 денар | 9.000 денари + 18% на делот од доходот над 90.000 денари |

Член 85

(1) Исплатувачот од членот 84 од овој закон, пред секоја исплата на доходот на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка, е должен до органот за јавни приходи да достави пресметка за бруто-доходот, одбитоците, пресметаниот данок по одбивка и нето-доход за исплата, за секој обврзник поединечно.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, исплатувачите на добивки од посебните игри на среќа се должни до органот за јавни приходи да доставаат пресметка за бруто-доходот и пресметаниот данок по одбивка за секој обврзник поединечно, кој остварил добивки од посебните игри на среќа најдоцна наредниот ден по денот на исплатата на доходот.

(3) Исплатувачот на добивки од посебни игри на среќа од ставот (2) на овој член е должен на органот за јавни приходи да му достави месечен извештај за исплатен доход - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка, најдоцна до 7-ми во тековниот за претходниот месец.

(4) Исплатувачот на камати од депозити е должен до органот за јавни приходи да достави годишен извештај за пресметаните камати, најдоцна до 31 јануари во годината што следи по годината во која е остварен доходот,.

(5) Пресметката од ставовите (1) и (2) на овој член се доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

(6) Пресметката од ставот (1) на овој член ја одобрува органот за јавни приходи, пред да се изврши плаќањето на данокот и исплатата на доходот кај носителот на платниот промет.

(7) Пресметката од ставот (2) на овој член ја одобрува органот за јавни приходи, пред да се изврши плаќањето на данокот кај носителот на платниот промет.

(8) Начинот на пресметка и уплата на аконтациите на данокот на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за доход и данок ги пропишува министерот за финансии.

(9) Формата, содржината и начинот на поднесување на извештајот од ставот (3) и ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(10) По исклучок на ставот (1) на овој член, обврзникот за пресметка и уплата на данок на доход по основ на плата, надоместок на плата и исплата по основ на

деловна успешност на работодавачот е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој обврзник за плаќање за соодветниот месец и податоците за пресметана плата или дел од плата, надоместок на плата и исплата по основ на деловна успешност да ги доставува до органот за јавни приходи најдоцна до 10-ти во тековниот за претходниот месец по електронски пат, на образец пропишан со Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.

(11) Исплатувачот од членот 84 од овој закон е должен на обврзникот да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот на доход и платените придонеси при секоја исплата.

(12) Органот за јавни приходи по службена должност прибавува податоци од други субјекти кои се од значење за утврдување на данокот, а се однесуваат на остварениот доход на физички лица.

Член 87

(1) Во текот на годината обврзникот пресметува и плаќа аконтација на данокот на доход за следните видови доход:

1) доход од закуп и подзакуп, остварен од издавање на:

- физички лица,

- физички лица кои остваруваат доход од самостојна дејност, а данокот го плаќаат според паушално утврден нето-доход,

- дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави и меѓународни организации, во случаи кога обврзникот остварува бруто-доход;

2) капитални добивки;

3) доход остварен од странство ;

4) доход од работа во дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави и меѓународни организации, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет за кои обврзникот сам го утврдува и уплатува данокот;

5) доход од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари;

6) доход остварен од повремено или привремено вршење услуги на физички лица;

7) друг доход од членот 3 став (1) точка 11 од овој закон.

(2) Аконтациите на данокот на доход за доходот од ставот (1) точките 1), 2), 3) и 7) на овој член се пресметуваат по стапка од 15%, освен за доходот од работа и доходот од авторски и други сродни права остварени во странство. Пресметаниот и платениот данок, се смета за конечно намирена даночна обврска.

(3) Аконтациите на данокот на доход од ставот 1 точки 4), 5) и 6) на овој член и на доходот од работа и доходот од авторски и други сродни права остварени во странство се пресметуваат по следните стапки:

| на месечна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| до 90.000 денари | 10% |
| од 90.001 денар | 9.000 + 18% на делот од доходот над 90.000 денари |

Член 88

(1) Обврзникот кој во текот на годината остварува доход кој подлежи на оданочување со данок на доход врз основа на овој закон е должен да поднесе пресметка на аконтација на данок на доход и докази до органот за јавни приходи за:

1) доход од закуп и подзакуп, остварен од издавање на физички лица, физички лица кои остваруваат доход од самостојна дејност, а данокот го плаќаат според паушално утврден нето-доход и дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави и меѓународни организации, во случаи кога обврзникот остварува бруто-доход, до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е склучен договорот, односно до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој имотот е предаден во закуп или подзакуп, доколку во договорот е утврдено одложено издавање;

2) доход остварен од издавање имот под закуп и подзакуп на физички лица во случаи кога времетраењето на закупот е пократко од 31 ден во еден месец, до 10-ти во месецот кој следи по месецот на издавање;

3) капитални добивки од продажба на:

- хартии од вредност до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е извршена продажбата;

- учеството во капитал до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е извршена продажбата или е извршен упис на промената на сопственоста во трговскиот регистар;

- недвижен имот до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е заверен договорот за купопродажба на нотар;

- друг подвижен имот до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е остварен доходот и

- нематеријален имот до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е остварен доходот;

4) доход остварен од странство до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е остварен доходот;

5) доход од работа во дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет и за кои обврзникот сам го утврдува и уплатува данокот до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е остварен доходот;

6) доход од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари до 10-ти во месецот за доходот остварен во претходниот месец;

7) доходот остварен од повремено или привремено вршење услуги на физички лица до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е остварен доходот;

8) друг доход од членот 3 став (1) точка 11) од овој закон, до 10-ти во месецот за доходот остварен во претходниот месец.

(2) По исклучок од став (1) точка 4) од овој член, за доходот остварен по основ на плата и пензија од странство, за кој е платен данок во странската држава, обврзникот е должен да поднесе пресметка на аконтација на данок и докази за платениот данок до органот за јавни приходи, најдоцна до 31 март во годината што следи по годината во која е остварен доходот.

(3) Пресметката од ставот (1) на овој член обврзникот ја доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

(4) Пресметката на аконтацијата на данокот на доход од ставот (1) на овој член ја одобрува органот за јавни приходи.

(5) Начинот на пресметка и уплата на аконтациите на данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за доход и данок ги пропишува министерот за финансии

Член 93

(1) Аконтација на данокот на доход утврден во одобрените пресметки се плаќа најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец за:

- доходот од закуп и подзакуп на кој аконтацијата на данокот не се плаќа по одбивка;

- капиталните добивки;

- доходот остварен од странство;

- доходот од работа во дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет, на кој данокот не е пресметан и платен по одбивка;

- доходот од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари;

- доходот остварен од повремено или привремено вршење услуги на физички лица и

- друг доход на кој данокот не е пресметан и платен по одбивка.

(2) Данокот на доходот остварен во странска валута се пресметува во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на остварување на доходот.

(3) Аконтација на данокот на доход утврдена со решение на органот за јавни приходи се плаќа за:

- доходот остварен од обврзник од членот 29 и членот 47 од овој закон до 15-ти во месецот за претходниот месец,

- доходот од закуп и подзакуп до 15-ти во месецот за претходниот месец,

- доходот од капитални добивки во рок од 15 дена од денот на доставување на решението и

- доходот прикажан во неодобрените пресметки од членот 88 од овој закон во рок од 15 дена од денот на доставување на решението.

Член 105

(1) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на обврзникот ако деловните книги, другата евиденција и документација не ги чува во деловната просторија или во просториите на регистриран субјект што врши сметководствени работи (член 34).

Член 106

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на обврзникот, доколку деловните книги ги води неажурно (членови 30 став (1), 31 и 32).

Член 107

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, ако:

1) не поднесе пресметка и даночен биланс во пропишаниот рок (членови 88 и 97);

2) не ги води или неточно ги води деловните книги (членови 30 став (1), 31 и 32); и

3) деловните книги, другата евиденција и документација не ги чува најмалку пет години (член 36).

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член на обврзникот ќе му се изрече и забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од 15 дена.

(3) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на обврзникот - физичко лице, доколку не поднесе пресметка (член 88).

Член 108

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на обврзникот- исплатувач на доход, ако:

1) не го пресмета данокот и не го уплати на соодветната сметка (членови 84 и 92); и

2) не ги исполнува обврските од членот 85 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за обврзникот ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од став (1) на овој член.

Член 109

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало, ако трговецот на органот за јавни приходи не му доставува извештај за корисниците на продажните места на зелените пазари.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за трговецот – правно лице ќе му се изрече на одговорното лице кај трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало за прекршокот од став (1) на овој член.

Член 110

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност се врши согласно со Законот за прекршо

ците.

Член 111

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластеното службено лице во органот за јавни приходи ако не издаде одобрение, односно не донесе решение во роковите утврдени со член 8 став 3, член 28 став 7, член 82 став 4 и член 99 ставови 2, 3, 4, и 5 од овој закон.

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 116

Одредбите од членовите 55, 56 и 57 од овој закон кои се однесуваат на оданочувањето на каматите од депозити, како и одредбите од членовите 58, 59, 60, 61, 62, 87 и 93 од овој закон кои се однесуваат на оданочувањето на

капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност, ќе се применуваат од 1 јануари 2020 година.